РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
Бр. 02-959/4
17-03-2018 год.

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Р.М. бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 87 и 88 од Законот за општата управна постапка (Сл. весник на Р.М. бр. 124/15), член 46 став 6 и став 8 од Законот за пожарникарството (Пречистен текст) (Сл. весник на Р.М. бр.168/17) и член 3 став 2 алинеја 3 од Правилникот за начинот на полагање на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари (Сл. весник на Р.М. бр.26/18), Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување донесе:

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

# РЕШЕНИЕ

## за начинот на уплата на утврдениот паричен надоместок што кандидатите треба да го платат за полагање на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари

1. Ова решение се донесува врз основа на точка 8 од Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на полагањето на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари бр.02-959/1 од 17.03.2018 година.

2. Со ова решение се утврдува начинот на уплата на утврдениот паричен надоместок што кандидатите треба да го платат за полагање на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари.

3. Кандидатите што ќе полагаат стручен испит треба претходно да го уплатат утврдениот паричен надоместок од 100 евра во денарска противвредност по среден курс на Народна Банка на Република Македонија, на жиро сметка на Дирекцијата за заштита и спасување:

- жиро сметка.......................................... 0500360100631-15
- приходна сметка................................. 725939-20
- единствен даночен број................... 4030004532350
- депонент.................................................. НБРМ
- жиро сметка на буџет........................ 100000000063095

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ДИРЕКТОР
Аднан Џафероски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
СКОПЈЕ

Доставено до:
- Комисијата за спроведување на полагањето на стручниот испит на работниците кои ќе вршат сервисен преглед и контролно испитување на апаратите за гаснење на пожари,
- Архива.